# УПАТСТВО ЗА КОРИСТЕЊЕ НА АПЛИКАЦИЈАТА СО ПРОФИЛ НА МЕНТОР

## I. За порталот

Порталот „Пракса" претставува електронски систем за поврзување верифицирани компании и средни стручни училишта. Преку порталот се овозможува активна соработка меѓу компаниите, Стопанската комора на Северна Македонија, образовните институции – креатори на образовните политики – учениците и родителите.

Станува збор за апликативно софтверско решение кое ќе ја олесни соработката, ќе поттикне вмрежување и кое ќе претставува унифициран регистар кој на едно место ќе ги содржи сите информации поврзани со верификуваните компании и ментори за реализација на практичната обука на ученици, со средните стручни училишта, со координаторите, со наставниците по практична настава, како и со учениците кои извршуваат практична настава. Ова комплексно решение на едно место ќе обединува повеќе регистри: електронски регистар на верифицирани компании, електронски регистар на сертифицирани ментори, електронски регистар на средни стручни училишта и на ученици, како и портал кој ќе биде во функција на вмрежување на компаниите, на стручните училишта и на учениците. На овој начин се олеснува комуникацијата меѓу релевантните институции задолжени за спроведување на овие процеси, се зголемува транспарентноста, се интензивира соработката и се врши афирмација на стручното образование.

Порталот „Пракса" е изработен на иницијатива на Стопанската комора на Северна Македонија, со поддршка на швајцарскиот Проект „Образование за вработување во Северна Македонија – Е4Е@мк"

Целта на ова упатство е да го олесни користењето на Порталот „Пракса" преку запознавање на корисниците со функциите на порталот, начинот на креирање и на ажурирање на профилите, како и со водењето евиденција за обуките, менторите и за соработката со средните стручни училишта, регулирана со меморандум.

Пристапот до Порталот „Пракса" е преку следниот линк: https://praksa.mchamber.mk/ или со скенирање на QR-кодот во прилог.

## I. Регистрирање ментор

Во горниот десен агол на порталот се наоѓа копчето „Апликација за ментор“. Со избирање на копчето се отвора страница каде што треба да се пополнат задолжителните полиња:




корисничко име, лозинка (која треба да биде составена од најмалку 8 карактери – една голема буква, еден специјален карактер, мала буква и број), име, презиме, потоа се внесува електронската адреса (маил) од лицето, контакт-телефон, се избира тип на сертификат од опаѓачкото мени (ментор за учење преку работа или ментор инструктор) и квалификација, која се бира од опаѓачкото мени, врз основа на која во подменито се избира потквалификација/ции (може да се избере една или повеќе; за избор на повеќе потквалификации се држи копчето Ctrl и се избираат повеќе потквалификации).




По прикачувањето на задолжителните документи потребно е да се означи полето ReCaptcha (I am not a robot), со што се врши безбедносна проверка, а потоа се информирате за правилата и за условите и избирате дека ги прифаќате „Правилата и условите“, по што се притиска на копчето „Регистрација“. Во истиот момент на својата електронска адреса ќе добиете потврда за успешно направена регистрација на Порталот „Пракса“.

Откако го искреирaвте својот профил за ментор, можете да преминете кон логирање. Со избор на копчето „Логирајте се“ се внесуваат корисничкото име и лозинката, по што се бира копчето „Логирајте се“, а притоа имате опција и да ви се зачуваат корисничкото име и лозинката за да не ги внесувате повторно при следното логирање. Доколку ја имате заборавено лозинката, подолу во истото мени одберете го копчето „Заборавена лозинка“. Се отвора нова страница каде што треба да го внесете своето корисничко име или електронската адреса и да го притиснете копчето „Земете нова лозинка“, по што ќе добиете електронска порака со линк кој ќе ви овозможи внесување нова лозинка.

## II. Запознавање со опциите од менито на Порталот „Пракса“

По успешното логирање се отвора профилот на вашата компанија. Од левата страна се наредени опциите од менито (Контролна табла, Обуки, Мој профил, Одјавување).




### 1. Обуки

Со притискање на копчето „Обуки“ се отвора преглед на листата на обуки, во која се наведени сите претходно внесени обуки, класифицирани според типот на обука, на компанија и на позиции и според почетокот/крајот на обуката. Во овој преглед се наведени сите обуки во кои е ангажиран менторот.




Секоја од обуките може да се отвори и да се проверат информациите за секоја од нив одделно. Станува збор за обуки што се реализираат во рамките на компанијата (практична обука, феријална практика, паралелка според дуалниот модел и сл.). Во овој дел, исто така, може да ја видите листата на назначени ученици. Во листата се содржани податоците за ученикот: име и презиме, број на договор, увид во самиот трипартитен договор, кој е претходно прикачен во ПДФ-формат, како и оценка за реализација на обуката. Оценката го кажува статусот на обуката и може да биде „во тек“ (жолта боја) или „успешно“ (зелена

боја). Промена на статусот се прави со притискање на опцијата ⚙ и со одбирање еден од двата понудени статуси.




## 2. Мој профил

Во менито со функции од левата страна, доколку одберете „Мој профил“, може да се направи ажурирање на вашите податоци со избор на опцијата „Уредете“, а по извршената промена на податоците се притиска на копчето „Ажурирајте“, со што се врши запис на нововнесените податоци и ажурирање на податоците во вашиот профил.



### 3. Одјавување

Со избирање на последната функција од менито од левата страна, „Одјавување“, се одјавувате од својот профил и самата апликација ве води до насловната страница на Порталот „Пракса“.

